To: milanp@art.edu.mk
Subject: **cudni mi cuda**
Date: 18/6/2012

To: ange@jminet.ca
Subject: re: cudni mi cuda
Date: 18/6/2012

Драг професоре,
Гледам веќе неколку дена по ред: едни уживаат, други ги обвинуваат уметниците; трети викаат божјата рака ќе ги казни неверниците што го смислиле билбордот, четврти викаат дека улогата на божјата рака одамна ја има преземено црквата. За „чудото“ со фреските што се „самоисчистиле“ нема што ја да коментирам. Што фрески се имаат расплачено, што распетија се имаат придвижено, што икони се имаат размрдано - си има Ватикан свој одред „Досие Икс“ - нек се занимаваат тие со тоа. Ама, што толку многу (ако се уопште стварно толку) ги протресе еден билборд, што го тргнаа инстантно - тоа не ми е јасно. Еден билборд, еј, чудни ми чуда!
Овие овде се согласиле по едно многу битно прашање: се согласиле дека не мора да се согласуваат за све! И многу им е добро, професоре. Овде, пред неколку месеци осамна еден билборд, за една радиостаница, со пејачот Ашер и акронимот OHMFG! (илмити Oh, My Fucking God!). Веднаш се испојавија сите засегнати. Овие порелигиозниве си кажаа што им пречело; родителите си рекоа дека нејќат јавно изложен лош јазик пред нивните деца (па, им светна дека акронимот, всушност, потекнува од СМС-пораките и онлајн-разговорите на нивните деца и дека радиостаницата само го користи за да ја придобие младата публика). Како и да е, оние што го поставија ветија дека ќе се разгледаат поплаките (и, нормално, не го симнаа истиот ден, туку-така!).
Друг билборд: слика на едно куче и едно пиле, а под нив прашање: „Зошто би го чувале едното, а би го изеле другото?“) Пак се јавија сите засегнати (од вегетаријанци до разни пријатели на животните) и пак целата работа се реши прилично транспарентно и едноставно. Гледам на интернет, некоја црква од Оукленд, Нов Зеланд, поставила билборд со Дева Марија, шокирана, со раката ја покрила подзинатата уста, а во другата рака - тест за бременост). Реакции? Колку што сакаш - арно не ги линчуваа.
За нашион билборд - чудо баш ме нервира тоа што, по реакциите на засегнатите, јасно се гледа колку самите се (или не се) отворени за дијалог. За исклучоците - симнувам капа. Ама, во најголем број случаи, ригидноста е страшна. Никаков дијалог! А, ако нема дијалог, што останува? Да земеме камења, ножеви и оружје и да се решиме!
Понекогаш ми изгледа дека назадуваме. Толку се кукаше против „едноумието на комунизмот“ што, за момент, кога бев млада, поверував дека и ние ќе прифатиме оти не мора да се согласиме сите, за све. И баш ме нервира што не е (и не ми ни изгледа дека наскоро ќе биде) така!
Поздрав,
Ангела



Гласовите ги позајми
Огнен Георгиевски




Драга Ангела,
Се израдував кога ја видов твојата порака. Веднаш помислив дека си ми испратила фотографија од некоја твоја нова слика или скулптура. Кога видов дека мојата најдобра студентка по цртање ми напишала цел ферман, сфатив дека или те фатила некоја страшна носталгија или поминало многу време откако си отиде одовде.
Ова што се случува со билбордот не е ништо страшно. Многу пострашно ќе беше билбордот да не се случеше. Да, сега помалку се на број луѓето кои се за тој билборд и мора да ја трпат волјата на мнозинството верници - дел од кој, пред неколку декади, беа малцинство во морето комунисти, а кои многу поостро ги гонеа верниците. Овој менталитет се пренесува како наследна информација кај Хомо Балканикусот. Оние што порано немале воопшто простор да се искажат, научиле да не им даваат простор на овие што сакаат да се искажат денес. Би било логично да се заклучи дека оние што сега немаат право на збор, веројатно, ќе бидат нетолерантни во иднина. Надежта дека не е така лежи во фактот дека ова, сегашново, малцинство се уметници. А, по самата природа на нештата, уметникот провоцира на дијалог, поставува прашања. Не знам колку ќе трае целава фама. Не знам каков ќе биде исходот. Мене, како човек кој секоја година подучува и учи од млади уметници, ме интересира само една работа: колку уметнички дела ќе настанат како реакција на ова?
Не велам дека уметниците не треба да даваат интервјуа; не велам дека не треба да ги користат сите легални алатки, кои ги имаат како граѓани, во нивното уставно право на слобода на говор и против цензура. Ама, едно е јасно: оние што навистина имаат потреба од создавање уметност, ќе создадат дела и на оваа тема. Обвинет за плагијат во неговите приказни под наслов „Гробница за Борис Давидович“, Данило Киш изреагира како што единствено му доликува на писател: напиша книга „Час по лоботомија“. Во неа, тој ги цитира нападите на „нетолерантното мнозинство“ и одговара на нив, по ред. Книгата, со сите острумни детали и лекции, ни е достапна и денес, а од „нетолерантното мнозинство“, кое (се обидело) да му забрани друг поглед на нештата, одбива дијалог и го наметнува само своето убедување, не остана ништо освен „критики“ што секоја година се се' побледи во архивираните, со прав прекриени литературни списанија. „Час по лоботомија“ црно на бело, се' уште го нуди дијалогот, го изложува заклучокот и поставува нови прашања; ја има на хартија, како pdf, онлајн, како цитати, преведена, по книжарници, во библиотека...
Затоа, драга Ангела, наместо да го арчиш времето на е-маил пораки до мене, кога ќе седнеш да нацрташ или да извајаш нешто на темава? Каде е твојата слика, твојата скулптура, твоето дело? Јас го чекам тоа. Ги чекам твоето дело и делата на овдешните уметници. Некои веќе работат без престан, ги составуваат првите скици - груби и забавни - на „Фејсбук“, по блогови, на хартија, на филм...
И по мене, чудо ќе биде да не е така.
Твој, М.